„Барајте ја ноќта на Кадр во непарните ноќи од последната третина на рамазан.“

Аиша, Аллах нека е задоволен со неа, пренесува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Барајте ја ноќта на Кадр во непарните ноќи од последната третина на рамазан.“

[صحيح] [متفق عليه]

Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, ги поттикнал верниците на вложување труд и настојување да се дочека ноќта на Кадр преку зголемена посветеност во добри дела, бидејќи најверојатно таа се наоѓа во непарните ноќи од последните десет ноќи од месецот рамазан – а тоа се: дваесет и првата, дваесет и третата, дваесет и петтата, дваесет и седмата и дваесет и деветтата ноќ.

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/4540